# ДА ЖИВЕЕМЕ СО ГИПСОТ

Сé повеќе луѓе го користат гипсот - градежниот материјал на иднината, кој во целост е приспособен кон природата. Еколошки прифатливо и, пред сé, здраво живеење, со помош на сува изградба, претставува и можност за целосно индивидуално и флексибилно обликување на просторот.

Поради тоа, расте потребата од еден единствен градежен материјал со фантастични особини - ГИПСОТ.

Пронаоѓачкиот дух на природата е генијален. Гипсот е материјал постар од 200 милиони години, едноставен за употреба и со него градиме веќе илјадници години.

Во стариот Јерихон, уште пред 11.000 години, ѕидовите и подовите биле од гипс. Во современите објекти декорирани во стилот на барокот, овој материјал доживува нов процут. Денес, гипсот се употребува за пријатна атмосфера во домот и за креативно уредување на просторот.

Не е никакво чудо што е сé поголема потребата од овој чудотворен материјал! Во тесниот сплет меѓу енергетската техноло гија и интелигентните методи на работа, Кнауф се грижи гипсот и во иднина да биде на располагање како градежен материјал поволен за околината.



Благодарение на иновациите, гипсот применет за внатрешно уредување на становите нуди сосема нови можности за креативно обликување на просторот.

Современиот потрошувач, покрај високо квалитетен производ, очекува и докази дека материјалот што се користи е сигурен за здравјето и не е штетен. Поради тоа се прават испитувања на речиси сите производи, со што се осигурува секојдневното безгрижно користење на испитаните и потврдени производи. Некогаш не се водело многу сметка за биолошкото влијание и за влијанието врз здравјето, туку се испитувале и оценувале само техничките карактеристики на производот.

Сертификатот ИБР на еколошки свесниот потрошувач му дава можност за заштита од штетни градежни материјали во својата непосредна околина на живеење и му овозможува избор на материјал со кои ќе се чувствува удобно. На производителите на материјали со овој сертификат им се дава можност за подобрување на биолошките и на еколошките својства на сите производи.

Со доделувањето на сертификатот ИБР на плочите на Кнауф повторно е докажано дека квалитетот и еколошкиот аспект не се празни зборови, туку тоа претставува многу важно подрачје во деловната политика на претпријатието Кнауф.




**Мудрости за гипсот**

Уште старите Египќани ја познаваа тајната - гипсот е целосно природен материјал и не е штетен за здравјето

Во меѓувреме, поминаа 5.000 години, а покрај со пирамидите, Египќаните сé уште можат да се пофалат со уште многуброји остатоци од ситната уметност. И вашиот стан е изграден со користење на овој проверен градежен материјал, кој се применува и во медицината. Тоа е доказ дека гипсот е сосема сигурен материјал.

**Изедначената клима дава многу предности**

Изедначената клима дава многу предности

Ништо не е поважно од пријатната клима и чистиот воздух. За да се постигне тоа, Кнауф го употребува гипсот, кој повеќекратно може да придонесе за удобност и сигурност на живеењето. Од една страна, со преносот на топлината, а од друга со огноотпорност при опасност од пожар.

На прв поглед се чини чудно но на човек не му е потребно надворешно греење за сопственото загревање. Тој сам ја произведува топлината и постојано ја предава на својата околина - и во загреани простории. Најпријатно човекот се чуствува кога разликата на температурата на телото и оклината е мала. Кога во рака се земаат разни видови на предмети веднаш може да се забележи како според видот на материјалот е и различно чуството на топлина. Парче гипсана плоча на допир е топла и дава пријатно чуство.

**Водата што ја врзува енергијата**

Не само температурата, туку и влажноста на воздухот е значајна за здрава клима. Зиме, таа би требало да изнесува 40-50%, а лете 50-60%. Тоа се остварува едноставно со гипсените градежни елементи. Гипсот е составен од многу ситни пори, кои по потреба го впиваат вишокот влага од воздухот. Кога околината ќе се исуши, влагата од гипсот повторно се враќа во воздухот.

Огнот често бил причина за страшни последици. Куќите, селата и цели градови биле жртва на огнена стихија. Причина за тоа биле недоволната заштита од пожар и "непримерен" градежен материјал. Гипсот содржи 20% врзани кристали на вода и поради тоа во случај на пожар може да врзе голема количина топлинска енергија. Преградните ѕидови и плафони од плочите на Кнауф се изградени од несогорлив материјал, кој е целосно без мирис и не е штетен за луѓето и за околината.